РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-337/5
04-01-2024 (2022)

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на анонимна пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 97-та седница одржана на ден 27.12.2023 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Постапката заведена под број 08-3633/1 од 20.10.2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за понатамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-3633/1 од 20.10.2020 година.

Предметот со број 08-3633/1 од 20.10.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-3633/1 од 20.10.2020 година е оформен по анонимна пријава.

ДКСК со цел да ја утврди фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ___________ и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК на лицето _________, член __________ му издаде ППН и Записник за констатиран прекршок. Истиот на ден 08.11.2023 година ја платил глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

ДКСК по разгледување на прибавените податоци од наведените институции, како и по нивно споредување со податоците од изјавата за имотна состојба и интереси на _________, член__________, констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: Нури Бајрами, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk